# ОПШТИНА ШТИП

*- Одделение за услуги и информирање на граѓаните -*

***Број 08-8819/2***
***29 декември 2014 година***

До
Канал 77
ул. „Петта партиска конференција“ број 9
Ш т и п

Во врска со Вашето барање за доставување информација од јавен карактер, а во врска со Законот за слободен пристап од јавен карактер Ве известуваме:

1. Средствата со кои располага општината а кои се доделуваат на здруженија на граѓани и невладини организации, Општина Штип ги доделува на барања од здруженијата и невладините организации. Да истакнеме дека во 2013 и 2014 година поради не реализирање на средствата од буџетот поради нередовно плаќање на данок од даночните обврзници беа издвоени минимални средства за здруженија на граѓани и невладини организации и поголемиот дел од средствата отидоа за подмирување на трошоците на лицата сместени во нервно одделение каде се сместени 240 лица од ромска националност каде општината ги покрива сите трошоци. Издвоени средства се за друштво на ликовни уметници Штип 20.000 денари, здружение Егеј 10.000 денари, сојуз на инвалиди 5.000 денари, здружение Пастрмалијада 180.000 денари.
2. Општина Штип има склучен меморандум за соработка со здружението на граѓани Пастрмалијада каде се дефинирани нивните обврски.
3. Општина Штип се појавува во организацијата на пастрмалијадата како настан кој е влезен во нашите активности и дава комплетна логистика преку јавните претпријатија, но истовремено одговорна е за обезбедување на електрична енергија, хигиена, како и други потреби за пастрмалијадата. Преговара и со спонзорите околу обезбедување на врвни групи и пејачи кои настапуваат на овој настан.
4. Урбаната опрема која се поставува за време на пастрмалијадата бина, озвучување, осветлување е од страна на генералните спонзори, електричната енергија ја обезбедува општината, секој штанд си го уредува учесникот на пастрмалијадата, угостителскиот објект, дел од тезгите се на Јавното претпријатие Исар. Во 2013 година на угостителите не е наплаќано ништо од финансиски аспект за учество на настанот, а во 2014

*ул. „Васил Главинов“ 4Б*
*тел. (032) 22 66 21; факс: (032) 22 66 01*

**О П Ш Т И Н А  Ш Т И П**

***- Одделение за услуги и информирање на граѓаните -***

година за учество на настанот угостителите наплаќаа 15.000 денари на здружението и со тие средства се измируваа хонорарите на учесниците на настанот

5. Општина Штип во организацијата на настанот никој пат не тргнувала од интерес да заработува туку да вложува и немаме никаква заработка од тој настан. Заработка имаат угостителите, ресторантите, трговските објекти, конфекциите затоа што сите што доаѓаат во нашиот град за тој настан истовремено доаѓаат и нешто да испазаруваат од нашите трговски објекти.
6. Главни донатори за Пастрмалијадата 2014 беа Скопска пивара 25.000 евра плус обезбедена бина, озвучување и осветлување, потоа Брилијант 5.000 евра, Имако вино 1.000 евра и уште угостителите кои плаќаа по 15.000 денари за учество на сопствен штанд.

Пастрмалијадата помина во најдобар ред без инциденти со огромна посетеност со извонредни музички настапи на општо задоволство на сите присутни

Со почит,

Службено лице за слободен
пристап до информации
Сунчица Ѓуфтеска

гз.

*ул. „Васил Главинов“ 4Б*

*тел. (032) 22 66 21; факс: (032) 22 66 01*